Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 08-180/10
02. 12 2020 год.
ВЕЛЕС

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИ ФОРУМСКИ СЕСИИ (2)

во Вардарски плански регион

| | |
|---|---|
| **Координатор:** | Татјана Темелковска |
| **Модератор/ко-модератор:** | Игор Тасевски/ Татјана Темелковска |
| **Период на известување:** | Прва и втора форумска сесија во период: |
| **Датум на извештај:** | 02.12.20202 |

*Забелешка:*

*Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период.*

## 1. ПОСТИГНУВАЊА

Дадете кратко резиме за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување во текот на форумските сесии и помеѓу форумски сесии *(се пишува првично за трите форумски сесии и се надополнува со информација и после реализација на четврта форумска сесија):*

*Пред форумските сесии ....*

*Пред форумските сесии се постави структурата за успешно организирање на форумските сесии. Се формира тимот за водење на форумот и тоа модератор и ко-модератор, се формира оперативната група на форумот. Се оствари успешна комуникација со сите вклучени општини во форумот односно се информираа за ограничениот број на учесници од општина и предложената структура на истите. Беше инфомрина јавноста за почетокот на новиот форумски процес во рамките на Вардарскиот плански регион. Беше избран експерт за подготовка на концепт-проекти во рамкте на проектот. Прво се избра сала за реализација на форумите. Потоа се подготви прашалникот како алтернатива за електронска реализација на првиот форум*

*На првата форумска сесија ....*

*Беше доставен линк до прашалникот до 82 лица за да учествуваат всушност на првиот форум. Во предвидениото време на прашалникот одговорија 71 лице што одговараше на потребниот број предвиден во програмата за форумот исто така беа остварени целите како присуство на жени повеќе од 40% и присуство на млади повеќе од 20%. Оперативнта група остваруваше комуникација со лицата за остварување на прашалникот. Модераторот на форумот направи налаиза на прашалникот, подготви извешатај за тоа и Записник од првиот форум. Материјалите од форумот - резултатите беа доставени до учесниците на првата форумска сесија. Изборот на*

*области и подобласти беше доставен и до експертот за да започне со процесот на подготовка на предлог концепти.*

*Меѓу првата и втората сесија ....*

*Се работеше на подготовка на прашалникот за втората форумска сесија. Експертот го имаше процесот на средби со општини, Совет и подготовка на концепти.*

*На втората сесија .....*

*До присутните на првиот форум беше доставен прашалник за рангирање на концептите и давање на сугестии за нивни корекции. Откако беше подготвен и потврден од надлежните беше доставен до учесниците на првиот форум и 58 од нив го одговорија прашалникот. И овој прашалник го одговорија потребните минимуми на жени и млади. Заедно со прашалникот до учесниците беа доставени и трите концепти, според кои тие вршеа рангирање на истите. После предвидениот период беше направена анализа на прашалникот. Беше утврдено рангирањето на учесниците на вториот форум. Потоа беше организираа форумска зоом средба на која беше презентирана методологијата на подготовка на концептите, а потоа и резултаатите од рангирањето. На оваа средба дел од учесниците се вклучија и со свои прашања.*

## 2. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 2.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### *1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)*

*Опишете ги подготвителните активности за организирање на форумските сесии и форумскиот процес (избор на модератор, ко-модератор, членови на ОГ, распределба на улоги и задачи за спроведување на форумскиот процес).*

- По добивањето на известувањето дека Вардарски плански регион ќе реализира форум пристапивме кон избор на модератор од листата на сертифицирани модератори според ЗЕЛС. После добиените понуди, а според утврдените критериуми, искуства и резултати Вардарски плански регон донесе одлука за избор и назначување на лицето Игор Тасевски за модератор на форумот. Паралелно со тоа се одлучи за ко-модератор да биде Татјана Темелковска, која е координатор на овој проект, но и која има релевантно искуство и капацитет за оваа позиција. Исто така беа избрани и назначени членовите на Оперативната група вкупно 6 члена. На состаноците се направи распределаба на обврските на сите во тимот и имавме добра меѓусебна координација. За темстаката-содржинската координација беше одговорен модераторот, а за организационаата ко-модераторот. Членовите на Оперативната група сите добијаа свои обврски кои успешно ги спроведуваа во организациските – техничките подготовки на сесиите и за време на нивната реализација.

По екипирањето се започна со подготовка на форумските сесии. Најпрво се одреди распоредот на форумските сесии 2, 1 во месец октомври и номеври и 1 во месец ноември и декември. На почеток беше одлучено сеисиите да се реализираат со физичко присуство, но заради состојбата со пандемијата од Корона вирусот и особено влошента во овој период се премина на електронска реализиација на форумските сесии. Вакавиот начин на реализацијата на сесиите направи промени во начионот на подготовката и реализиацијата на истите. Имавме електроснка реализација во делот на пополнување на прашалници, презентации и зоом средби.

*Опишете ги користените техники на информирање и мобилизација на граѓаните за форумските сесии и за средбите на работните/оперативната групи/-а (покани, телефон, постери, билтени, веб страна, социјални мрежи, медиуми и сл.).*

Кога почна процесот на подготовка на форумот беше поставена информација на веб страната на регионот, беше испратено и известување до сите општини вклучени во нашите активности. Пред секој форум граѓаните, а пред се присутните на претходните сесии беа информирани телефонски и со е-маил. Имено членови на оперативната група се јавуваа на граѓаните лично да ги информираат за форумот, начинотна вклучување на граѓаните времето за истите и слично. Се внимаваше да бидат информирани од сите општини, да бидат поканети по еднаков број на граѓани и со иста структура.

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесиии (како течеше мобилизацијата на граѓани, дали и какви состаноци се одржани во ЕЛС и други релевантни чинители).*

**Оперативната група** се состануваше по потреба пред организирањето на секоја форумска сесија и присуствуваа сите членови – 6 и модераторот вкупно 7. Овие средби се реализираа и физички и електронски. Според половата структура 4 жени и 2 мажи од кои

сите македонци. На состаноците се правеше план за форумот, поделба на обврски, се договараше подготовката на документите потребни за сесијата, администрацијата на истата и слично. Договорите беа и во делот на мотивацијата на граѓаните за нивно вклучување на форумските сесии, односно нивните активности.

**Останати важни средби**

Редовно се одржуваа средби на модераторот, ко-модераторот, односко координаторот на проектот. Всушност се реализираа 6 средби на овој тим на кој се правеше план и поделба на обврските за реализацијата на форумските сесии. Првата средба беше за координирање на процесот, изборот на тимот на Оперативната група, потребните ресурси за процесот, посета на сали кои беа како можни за одржување на форуските сесии и слично. Потоа пред и после секоја форумска сесија (4) се одржуваше координативен состанок за сесијата.

Координативни состаноци со раководителот на Вардарски плански регион. Координаторот имаше 4 состаноци со раковоителот, еден пред почетокот на форумските сесии за запознавање со процесот, и содржината на истиот и една после секоја сесија за информирање на резултатите од истиот.

Имавме средби со експертот ангажиран за подготовка на концептите – проектите во рамките на форумите. На овие 4 средби го информиравме за резултатите од форумот, а тој нас за текот на процсот и подготовката на форумите.

***Преглед на профилот на членови на ОГ***

| Вкупен број на членови на оперативната група | Мажи/жени | Етничка застапеност |
|---|---|---|
| 6 | 2/4 | македонци |

## 2.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ и АКТИВНОСТИ МЕЃУ СЕСИИ

Дадете кратки информации за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување во текот на форумските сесии и помеѓу форумски сесии *(се пишува првично за трите форумски сесии и се надополнува со информација и после реализација на четврта форумска сесија)*

### 2.2.1. ***Форумски сесии***

Дадете информација за број/дата на одржани сесии и број на присутни учесници и нивна структура (етничка и родова застапеност) како и припадност на некоја од ранливите категории[1] според општиот список на учесници.

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност и етничка припадност според општиот список*

| ***Сесија*** | | | ***1*** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| ***Дата на одржување*** | | | ***26.10. - 03.11.2020*** | **26.11. - 01.12.2020** |
| ***Вкупен број на учесници*** | | | ***71*** | ***58*** |
| ***Број на учесници од општ список*** | ***Пол*** | ***М*** | *33* | *24* |
| | | ***Ж*** | *38* | *34* |
| | ***Етничка припадност*** | ***Мак*** | *69* | *58* |
| | | ***Алб*** | | |
| | | ***Тур*** | | |
| | | ***Срп*** | *1* | |
| | | ***Вла*** | | |
| | | ***Ром*** | | |
| | | ***Др*** | *1* | |
| | ***Припадници на ранливи категории*** | *Наведете кои: ______* | | |
| | | *Долгорочно невработени лица* | *1* | *1* |
| | | *Возрасни лица со попреченост* | *1* | *1* |
| | | *Останати лица во социјален ризик* | *1* | *1* |

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност според списоците по работни маси*

| ***Работна маса*** | ***Сесија 1*** | | ***Сесија 2*** | |
|---|---|---|---|---|
| | ***м*** | ***Ж*** | ***М*** | ***ж*** |
| | | | | |

[1] Овој податок се вади од прашалникот за евалуација

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

*Опишете го текот на форумските сесии и нејзините постигнувања врз основа на дневниот ред по сесија:*

| **сесија** | **главни точки на дневниот ред** | **главни цели на сесијата** | **опис на главните презентации** *(тема на презентација и презентер)* |
|---|---|---|---|
| *1* | 1. Презентација на форумскиот процес<br>2. Избор на приоритетни области и подобласти<br>3. Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните области и подобласти, со кои се соочува Вардарскиот планскиот регион<br>4. Групирање на проблемите од приоритетните области и подобласти<br>5. Листа со препораки | Избор на приоритетни области и подобласти.<br>Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните области и подобласти. | / |
| **2** | **1.** Презентирање на целите на сесијата и осврт на претходната сесија. Преглед на претходната сесија и работата меѓу сесии.<br>**2.** Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот консултант - експертот<br>**3.** Презентација на начинот на рангирање. Рангирање електронски. Соопштување на резултатите | Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот консултант – експертот<br>Рангирање електронски.<br>Соопштување на резултатите | *Експертот кој ги подготвуваше концептите Весна Кузмановиќ на организирана Zoom средба пред присутните ја презентираше медотологија на процесот на утврдување на потребите и подготовката на концептите.*<br>*Модераторот Игор Тасевски, имаше презентација за вториот форум презентирајќи ги целите на форумот, меѓуфорумската работа и резултатите од рангирањето кое го направија вклучените на* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | *форумот.* |

*Опишете го текот на дискусии за време на форумските сесии:*

| **опис на главните дискусии** | **број на дискусии и дискутанти** *(жени/мажи, етничка припадност, сектор од кои доаѓаат)* | **опис и содржина на дискусијата** *(конкретното прашање или коментар по одреден проблем, конкретната идеја или предлог)* |
|---|---|---|
| ***сесија 1*** | / | / |
| ***сесија 2*** | / | / |

*Табела согласно активности по сесија (се преземаат од записник)*

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| **Р. бр.** | **Област** | **Предложено од** | **Рангиран/избран** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Зајакнати потенцијали зарегионален развој преку вложување во инфраструктура | **31** | 1 | Избрани подобласти: 1. Инвестиции во патен сообраќај, регионален и локален Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот |
| **2** | Економски развој на регионот | **29** | 2 | Избрани подобласти: 1. Земјоделство, (полjоделство и сточарство) Преработувачката индустрија |
| **3** | Заштита на животна средина | **17** | 3 | |
| **4** | Зајакнување на човечкитепотенцијали | **5** | 5 | |
| **5** | Задржување на младите во Регионот | **15** | 4 | |
| **6** | | | | |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање-предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Табела 2.2.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака -предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| "Регионален Затворен градски пазар со деловен центар" | Приложен документ со коменатри и препораки во Прашалник. Поголемиот дел се коментари за важноста на проектот за регионот како:<br>-Проектот може да придонесе за економски развој на регионот и да влијае позитивно на земјоделските производители и трговци.<br>-Регионално не гледам поголемо позитивно влијание, освен за жителите на Велес и околните населени места, затоа што за набавка на свежи намирници не верувам дека некој ќе патува со километри.<br>-Сметам дека не е регинален проект.<br>Некои од препораки за подобрување:<br>-Да се вклучи и пазарот во Росоман на патот Градско – | Документот е приложен заради големината и проблемот што моше да го направи во табелата |

| | | |
|---|---|---|
| | Прилеп.<br>-Во пазарот да има просторија која би ја користеле и другите општини и НВО од другите општини.<br>-Друга локација поцентрално во регионот, | |
| "Поставување мерни станици за смарт земјоделство"<br><br>-<br>- | Приложен документ со коменатри и препораки во Прашалник. Поголемиот дел се коментари за важноста на проектот за регионот како:<br>-Намалување на трошоци за одгледување и заштита во земјоделието, зголемување на органското производство, намалување на трошоци за покривање на штети настанати од непогоди, на локално и на државно.<br>-Овој концепт е одлична прилика за современ развој на земјоделството во регионот, следење на состојбата и намалување на загадувањето. Исто така ќе има значаен придонес и кон развој на економијата<br>-Многу важна компонента за земјоделски реон.<br>- Иновативен проект, но се ограничува на не толку голема група на корисници и бенефитори<br><br>Некои од препораки за подобрување:<br>- Да се види одржливоста<br>-Да се внимава на обезбедување на финансирање за нивно одржување и начинот на кој ќе се известуваат земјоделците.<br>-По можност да се прошири и на опшините Лозово и Свети Николе | Документот е приложен заради големината и проблемот што моше да го направи во табелата |

| | | |
|---|---|---|
| "Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје“ | Приложен документ со коменатри и препораки во Прашалник. Поголемиот дел се коментари за важноста на проектот за регионот како:<br><br>-Предлогот ќе придонесе кон подобрување на туристичката инфраструктура и развој на туризмот, подобрување на условите за живот и работа на населението и бизнисите што се во потег на овие правци.<br><br>- Овој концепт е значаен за развој на патната инфраструктура, а воедно и на туризмот во регионот, преку поврзување на значајни места низ неколку општини.<br><br>-Проект кој може да потикне рамномерен регионален развој, развоја на руралниот туризам и зачувување на македонското културно наследство.<br><br>- Не води кон економски развој. Многу повеќе има интерес за бајкерски и пешачки патеки кои ќе ги поврзуваат овие места, отколку класични асфалтни патишта. Ова се назадни предлози, треба понапредни.<br><br>Некои од препораки за подобрување:<br><br>-Би било добро ако има можност да се направи и велосипедска патека, бидејќи има многу велосипедисти во регионот. | Документот е приложен заради големината и проблемот што моше да го направи во табелата |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија (сесија 2)

| Р. бр. | Наслов на концептот | Носител/Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | "Регионален Затворен градски пазар со деловен центар" | Општина Велес | | 103 | 3 | |
| 2 | "Поставување мерни станици за смарт земјоделство" | Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија | | 119 | 2 | |
| 3 | "Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје" | Градско, Чашка, Лозово, (Свети Николе) | | 126 | 1 | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |

### *2.2.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите*

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесиии.*

Работата пред и после сесиите беше сведена на активностите на модераторот, ко-модераторот, оперативната група и експертот ангажиран за подготовка на кнцептите.

**Оперативната група** се состануваше по потреба пред организирањето на секоја форумска сесија. Овие средби се реализираа и физички и електронски. На состаноците се правеше план за форумот, поделба на обврски, се договараше подготовката на документите потребни за сеисјата, администрацијата на истата и слично. Договорите беа и во делот на мотивацијата на граѓаните за нивно вклучување на форумските сесии, односно нивните активности.

**Останати важни средби**

Редовно се одржуваа средби на модераторот, ко-модераторот, односко координаторот на проектот. На овие средби правеше план и поделба на обврските за реализацијата на форумските сесии како координирање на процесот, изборот на тимот на Оперативната група, потребните ресурси за процесот, посета на сали кои беа како можни за одржување на форуските сесии и слично. Потоа пред секоја форумска сесија се

одржуваше координативен состанок за сесијата која следи.

Координативни состаноци со раководителот на Вардарски плански регион. Координаторот имаше состаноци со раковоителот, еден пред почетокот на форумските сесии за запознавање со процесот, и содржината на истиот и една после секоја сесија за информирање на резултатите од истиот.

Имавме средби со експертот ангажиран за подготовка на концептите – проектите во рамките на форумите. На овие 4 средби го информиравме за резултатите од форумот, а тој нас за текот на процсот и подготовката на форумите.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, РЕШЕНИЈА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Со каков вид проблеми и предизвици се соочуваат во спроведувањето?
Што преземавте за надминување на тешкотиите, кој беше вклучен во решавањето на проблемот, и сл.
Наведете неколку научени лекции како резултат на реализираните активности.

| **Проблеми/ предизвици** | **Преземени активности за нивно надминување** | **Научени лекции** |
|---|---|---|
| Појава на пандемија и проблем за физичко присуство на граѓаните и физичка реализација на форумите | Се направи координација со сите вклучени и одговорни лица во рамките на проектот во чии рамки се реализираат форумите и се донесе одлука за електронско спроведување на сесиите | И електронски да се допре до граѓаните и да се добие нивното мислење, да се остварат цели на сесијата. |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

## 4. РЕЗИМЕ

Накратко наведете ги резултатите од форумот, приоритетни проекти, препораките и следните планирани активности поврзани со форумот:

Вардарскиот плански регион има повеќе остварени резултати и придобивки. Вклучена планираната целна група за реализација на форумите. Справување со предизвикот кој го донесе пандемија од Covid-19 за електронско реализирање на форуми. Ново искуство во експертска подготовка на проекти во комуникација и консултација со граѓаните и градоначалниците.

Форумот донесе рангирање на приоритетни области и од понудените пет :

1. Зајакнати потенцијали зарегионален развој преку вложување во инфраструктура
2. Економски развој на регионот
3. Заштита на животна средина
4. Зајакнување на човечкитепотенцијали
5. Задржување на младите во Регионот

Како најприоритетни ги избра: 1.Зајакнати потенцијали за регионален развој преку вложување во инфраструктура и 2. Економски развој на регионот, а во овие области како подобласти во првата ги избра:

1. Инвестиции во патен сообраќај, регионален и локален
2. Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот

Како подобласти во втората област ги избра:

1. Земјоделство, (полјоделство и сточарство)
2. Преработувачката индустрија

Во рамките на овие области и подобласти беа подготвени 3 концепти и тоа: “Регионален Затворен градски пазар со деловен центар”, “Поставување мерни станици за смарт земјоделство” и "Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје“. После рангирањето кое го направија присутните (58) на вториот форум како најприооритетн беше избран Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје“. Но може да се забележи дека при рангирањето немаше голема бодовна разлика.

Во рамките на форумот беа дадени коментари и препораки за сите концепти кои при креирањето на проектите експертот ќе ги има во предвид. Секако форумот донесе и иницијативи за нови партнерства меѓу општините од една страна и можност за презентирање на идеи и иницијативи на граѓните пред поширок аудиториум.

Место, ден, месец, година

Одговорно лице

**Прилози:**

*Списоци на учество*

*Записници од фориумски сесии*

*Листа на приоритетни проекти и препораки*

*Фотографии*

*Евиденција на медиумски активности (линкови, објави и сл.)*